СТОЈАНОВСКИ СТРАШКО[1]

# НАЦИИТЕ И НАЦИОНАЛИЗМИТЕ НА БАЛКАНОТ: СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ОДРЖЛИВ МИР

## АПСТРАКТ

Национализмите на Балканот произлегува од неговиот колоритен културолошки и историски контекст. Притоа, кога се зборува за конфликтот меѓу народите кои живеат во овој регион треба да се тргне од постојните разликите, кои се стимулирани и ставени во функција на нацијата-држава. Фундаменталноста на овие разлики го наметнува основниот принцип на нужноста од меѓучовечкото коегзистирање. Конструктивното решавање на конфликтите на Балканот и создавањето на предуслови за креирање на траен и одржлив мир, се во нераскинлива врска со трајното интегрирање на земјите од Западниот Балкан во Евро-Атланските институции.

**Клучни зборови:** Балкан, Западен Балкан, национализам, превенција на конфликт, меѓуетничка коегзистенција, градење на одржлив мир.

## ВОВЕД

Тргнувајќи од претпоставката дека не е доволно единственото тврдење за постоење на разлики меѓу индивидуите, групите, нациите-држави, па дури и цивилизациите, туку дека овие разлики се фундаментални, односно се втемелени во нивната основа, се наметнува и основниот принцип на нужноста од меѓучовечкото коегзистирање. Коегзистенцијата како таква подразбира "*да се постои заеднички, во исто време, на исто место*" (Weiner, 1998: 14). Таа исто така вклучува интимна соработка меѓу **песимизмот**, кој на модерните конфликти гледа како на реакција предизвикана од хомогенизирачките процеси на глобализацијата и **оптимизмот**, за кој конфликтот е израз на трибализмот на архаичните општества, а кој ќе се надмине преку развојот на процесите на модернизацијата. Тука е секако и третото гледиште кое конфликтот го припишува на недостатокот на демократија и демократски права (Ibidem, 18).

Кога се зборува за меѓуетничката коегзистенција во рамките на Балканскиот контекст, треба јасно да се направи

[1] Авторот е асистент на Универзитетот Гоце Делчев од Штип, Правен факултет-Кочани

дистинкција на два периода : **Првиот** и припаѓа на историјата и го опфаќа периодот до средината на XIX век, период на големите империи (Османската и Хабзбуршката), во кој не постоела јасно изразена национална свест, што имплицира дека конфликтите не можат да се окарактеризираат како “*меѓуетнички*” во модерна смисла. Во овој период подаништвото како ниво на идентификација и безмалку на идентитет, градело инзвонредно добра база за градење на позитивни, економски, меѓујазични, меѓуверски и пред се меѓукултурни односи. Токму овде би можело и да се бара основата на коегзистенцијата која “*нема ниту историски, нито пак културни корени на Западот*” (Ibidem, 16); и **Вториот** период всушност го опфаќа периодот на создавањето на модерните нации-држави. Токму од овој период датираат и меѓуетничките конфликти во вистинска смисла на зборот. Така она што Вебер го дефинира како моќ која ја има власта (читај националните власти) да врши принуда (Вебер,1/1976: 37), е искористено во насока на теориите за расна чистота и за создавање на национално хомогени држави.

Меѓуетничките конфликти станаа синоним за Балканот, одбележувајќи го како почетокот, така и крајот на XX век. Во овој период народите на Балканот поминаа низ процесите на национална изградба и креирање на националниот идентитет, преку комунистичката наднационална идеологија, па се до повторното национално будење, помешано со воведувањето на демократијата и глобализацијата како Западни иновации, кои од своја страна се еднакво пропорционални на она што Западот го понуди во средината на XIX век во лицето на нацијата-држава. Токму последното, се чини во помала или поголема мера придонесе за создавање на идентитетската конфузија и креирањето на услови за нови прекројувања на границите, а со тоа и промовирање на меѓуетничките судири како концепт за остварување на овие цели.

Од тука се наметнува и основниот императиве, кој поддржан од масовните организации како: ООН, ЕУ, ОБСЕ, Советот на Европа, НАТО и слично, оди во насока на повторно воспоставување на довербата и градење на позитивните меѓуетнички односи на Балканот.

Во наредниот дел од оваа студија најпрвин ќе се направи обид да се регистрираат етничките конфликти кои беа присутни на овие простори во втората половија на XIX и целиот XX век. Токму овие судири, пренесени во колективната меморија низ генерациите се и повторен генератор на нови меѓуетнички тензии. Во вториот дел на студијата, преку теоретска расправа ќе се обидеме да ги утврдиме основните принципи на коегзистенцијата, конструктивното решавање на конфликтите, како и градењето на одржлив мир.

# НАЦИЈАТА-ДРЖАВА И ЕТНИЧКИТЕ КОНФЛИКТИ НА БАЛКАНОТ

Појавата на балканските нации се поврзува со општиот светски тренд кој настанал под влијание либерализмот, кој своите корени ги има во идеате на просветителството; и национализмот кој се темели на романтизмот и историцизмот на XIX век (Јелавич,1/1999: 203). Сепак најважните фактори на кои се темели појавата и ширењето на национализмот на Балканот, како и создавањето на модерните нации-држави се: Религијата и религиозните институции, Јазикот како средство за дефинирање на националната посебност, како и Надворешните фактори изразени преку политиката на Големите сили и нивната желба да ги реализираат сопствените национални интереси.

Појавата на нациите и национализмите на Балканот се врзува за развојот на стереотипите кои ги развивал останатиот дел од светот во однос на балканските жители, но и перцепцијата за себе која ја развивале балканските народи. Категоријалното атрибуирање се фокусира на аспектот дека етничките идентитети секогаш се производ на значајните акти на другите групи. Еден од поважните сегменти е моќта на именувањето**.** Според Валерштајн (Wallerstein) "*припадноста кон етничката група, е резлутат на социјалното дефинирање, интеракциите меѓу самодефинирања-та на членовите и дефинирањата кои ги вршат другите групи*" (Putinja, и Stref-Fenar, 1997: 160). Од тука начинот на кој се однесуваме кон "*Другите*", зависи од тоа како ги замислуваме тие "*Други*". Предрасудите, како и стравот од надворешната агресија на аутсајдерите често се сметани како предмет на агресивен третман (Scarry E. 1998: 40,42). Како и да е, поради неговата историска, политичка и економска моќ, процесот на колективно дефинирање на Балканот го привилегира Западот како стандард, наспроти кој се дефинирани сите „*Други*" (Todorova, 1997: 89).

Во Југоисточна Европа не важи исказот дека нацијата создала независна држава, како што мечтаеле романтичарските националисти. Всушност, водачите на новите држави морале да ја создаваат нацијата од селанското општество кое било задоено со светското гледиште за нелегитимноста на неговото османско минато (Mazower, 2000: 122). Селото било главна политичка, административна, економска и воена единица која го организирала колективниот живот на руралните жители на Балканот. Тие и мислеле на селото кога говореле за „*татковината*" (Ibidem, 135,136).

Двете големи империи, Османлиската и Хабсбуршката (од 1867 г. Австро-Унгарија), се институционалните простори каде што била зачнат национализмот на Балканот и промовирана идејата за формирање на национални држави на различните балкански народи. Постојат два пристапи кон османлиското

наследство на Балканот: 1. Тоа е нелегитимно (митот за турското ропство) и претставува црна дупка во историјата на регионот; и 2. Османлиското наследство се доживува како легитимен продолжувач на Византиската традиција (Ibidem, 19,20).

Почетокот на XX век беше означен со Илинденското востание во Македонија, династичкиот преврат во Србија од 1903 година, како и Младотурската револуција од 1908 година. Овие неколку настани се чини беа само навестување на крвавата втора деценија, која во прв план ги промовираше конфликтите на големонационалните концепти на Балканските држави. Во потрагата по сопствениот идентитет, балканските нации се обидоа да ги дефинираат националните рамки, врз етнички заснована идеја за нацијата и со силно јазично јадро (Todorova,1997: 240). Вака дефинирани, тие влегоа во борба за она што остана од Османлиското наследство. Она што во овој период води кон еуфоризмите поврзани со “*расната хигиена*” и “*конечното решение*”, кон крајот на XX век добива свој еквивалент во терминот “*етничко чистење*” (Djenkins, 2001: 19).

Крајот на Првата светска војна, за Балканот означи еден нов период на национално преструктуирање. Така се редифинираа границите на Србија, и која заедно со Хрватите и Словенците градеше еден нов државен троен идентитет, кој подоцна ќе еволуира во југословенизмот. На југот на Балканот исто така новите услови налагаа на Грција да се насочи кон барање дипломатско решение за проблемот на “*словенското*” малцинство. Во исто време, на крајниот источен раб на Балканот се роди и разви концептот на Младотурците за изградба на модерната турска нација. Во тоа светло, задоцнетиот обид да се изнуди заеднички османлиски идентитет заснован врз државјанството во втората половина на XIX век, беше утописки експеримент уште од почетокот осуден на пропаст. Новата турска држава, во значајна мера редефинирана и смалена во однос на дотогашната Отоманска империја, ги прифати Вилсоновите принципи за правото на секоја нација да изгради сопствена држава и се зафати со реализацијата на планот на Ататурк, за создавање на етнички монолитна држава. Крајот на Првата светска војна резлутираше со геноцидот спроведен над Ерменците, во кој настрадале и голем број православни туркофони кои биле етикетирани како Грци. Тие притоа започнале да се иселуваат од Мала Азија и претежно да се населуваат во Грчкиот дел на Македонија и во Западна Тракија. Судирот помеѓу грчкиот “*Мегали*” национален концепт и турскиот концепт за создавање на турската нација-држава се чини бил неизбежен. Од Грчко-Турската војна (1921-1922 год.), Грција излегла како апсолутен губитник, со што во мошне неповолни услови го потпиешува Лозанскиот мировен договор (1923 год.). По Севрскиот и Нејскиот мировен договор, под плаштот на доброволната размена на населението, биле спроведени прислини иселувања во пограничните региони меѓу Бугарија, Грција и

Турција. По потпиешувањето на Лозанскиот мировен договор со Турција, во периодот од 1924 до 1928 година во Грција биле доселени повеќе од 1 200 000 православни, од кои најголемиот дел биле населени во Македонија (населени биле 567 143 лица), а од Грција во Турција биле иселени околу 350 000 муслимани.

Создавањето на нациите врз основа на јазикот, со исклучок на Албанскиот пример, наиде на пречка во религиски аспект, задржувајќи се старата поделба од Османлиската империја, темелема на миллет системот. Притоа не беше неможно само интегрирањето на групите кои според етничката и јазичната основа се разликуваа од доминантните нации во националната држава, туку тоа се покажа како неможно и за оние групи кои имаат идентични јазични или етнички основи: Помаците во Бугарија, муслиманите-Словени во Босна, Торбешите во Македонија итн. Христијанските народи на Балканот почнаа да се разбираат со јазикот на национализмот, додека нивниот став спрема муслиманите остана во доменот на неиздиференцираниот дискурс помеѓу верските заедници. Од друга страна пак, бидејќи балканските муслимани не можеа да се адаптираат на националниот код и практично беа исклучени од процесот на национално интегрирање, тие ја задржаа флуидната свест која што долго време беше претстава за милет-менталитетот на овие простори, а со тоа и на османлиското наследство (Todorova, 1997: 260,261).

Монополот кој што преку владејачката династија Српскиот народ (нација) го имаше во Кралството Југославија, резултираше со јакнење на национализмите кај останатите навидум рамноправни конституенти-Словенците и Хрватите. Ова придонесе за создавањето на НД Хрватска, како колаборационистичка марионетска нација-држава на Третиот Рајхт. Експлозијата на национализмот во Хрватска за време на Втората Светска војна, придонесе за појавата на етничкото чистење врз Србите, како категорија на нов геноцид на Балканот. Во оваа насока одеше и формирањето на фашистичката творевина Голема Албанија, чие функционирање беше на сметка на словенските јазични малцинства кои влегоа во нејзините граници. Во оваа војна, Балканот, освен во Бугарија, трајно остана без своето Еврејско население, врз кое беше спроведен геноцид и истото беше елиминирано во нацистичките концентрациони логори. Спротивно на ова, по крајот на војната, под плаштот на елиминирање и казнување на фаштстичките колаборационисти, беше спроведено протерување на Германците од Војводина, но и елиминирање на албанските Чами од северозападна Грција (Мазовер, 2007: 35-41).

Крајот на Втората Светска војна и почетокот на Студената војна, придонесоа за воспоставување на блоковската поделба и на Балканот. Комунизмот како нова идеологија многу бргу се прошири и ги зафати сите балкански држави, освен Грција

и Турција. Судирот во Информбирото во 1949 година, придонесе Југославија да истапи од Советската свера на влијание, потег што подоцна го направи и Албанија. Во наредниот период национализмот на Балканот главно се врзуваше за положбата на малцинствата кои беа соочени со воспоставувањето на режимската власт и блоковската поделба. Исто така, за нови тензии во рамките на повоена Југославија придонесе создавањето на македонската држава и нација. Граѓанската војна во Грција, која започна како судир на левицата и десницата, набргу го доби карактерот на војна против македонското малцинство. Во периодот од 1946-1949 година над 90.000 Грци и Македонци[1] се принудени да емигрираат надвор од Грчките граници, а повеќе од 100 000 се сметаат за загинати и ранети, од кои 21 000 биле Македонци (Кирјазовски, 1985: 383,384).

По Втората Светска војна, под плаштот на индустријализацијата опаѓа земјоделското население, кое дотогаш доминира во стопанската структура на Балканот. Ова е особено интензивирано во текот на 1970-те. Истиот период се поклопува со новиот бран на национализам на Балканот, кој се манифестира преку присилното покрстување на Помаците, а подоцна во средината на 1980-те и Турците во НР Бугарија, како и националистичките и либералните струења во СФР Југославија. Во наредниот период работничкото незадоволство беше посериозен проблем во комунизмот отколку во капитализмот. На економската децентрализација и релаксирање на контролата, работниците, особено во Југославија, одговорија со огорченост спрема партиските богаташи и со изблик на национализам. Економското слабеење на Југославија предизвика реакции како кај работниците, така и кај партиските елити. Економската криза ја ослабна силата на федералната влада и им го отвори патот на националистичките борби за економски ресурси и политичка моќ, на регионално и републичко ниво (Mazower, 2000: 173-175).

Со промените на уставот на СФРЈ од 1973 година и официјално беа признаени како нови нации Македонците, Црногорците и Муслиманите во Босна и Херцеговина, а трите републики се здобија со можност и право самостојно да одлучуваат за сопствената судбина (Poulton, 1994: 39). На прагот на завршувањето на Студената војна, на Балканот се актуелизираа во главно три национални прашања, чие решавање во последната деценија на XX век побудуваше изблив на емоции и раст на национализмите. Првото прашање е Српското, кое што е поврзано со просторите на СФРЈ, каде што живееја Срби и кое беше искористено за лансирање на Големосрпската идеја. Истото прашање денес во прв план се врзува со статусот на српскиот ентитет Република Српска во Босна и Херцеговина, и положбата на српското малцинство во енклавите на Косово. Треба да се истакне, дека приоритетот кој го уживаше *Српското прашање* на теритиријата на Р. Хрватска, во почетокот на 90-те, по воениот

конфликт и иселувањето на Србите од Книнска Краина, денеска е исфрлено од актуелноста; Второто прашање кое доведе до будење на национализмот е Албанското прашање поврзано со решавањето на конечниот статус на Косово и положбата и статусот на Албанците во Р. Македонија, заеднички обединети со идејата за создавање на Голема Албанија; и Третото е Македонското прашање. Последното битно и суштински се разликува од претходните две во фактот дека не се врзува со големо-националната идеја на Македонија, туку се манифестира со културолошкиот судир околу името со Грција, непризнавањето на Македонската Православна Црква од страна на Српската Православна Црква, како израз на непризнавањето на македонската религиска, а со тоа и национална посебност и претензиите на Бугарија спрема македонската историја и непризнавањето на Македонскиот народ како посебна нација. Последната тенденција во насока на интегрирањето на земјите од регионот на Југоисточна Европа во Евро-Атланските институции, го промовира Западниот Балкан, како имагинарна регионална целина која ги обединува, а на тој начин и гетоизира претходно споменатите прашања. Но преминувањето на пејоративната перцепција од поимот *Балкан*, кон терминот и регионот на *Западен Балкан*, се чини не нуди брзо решение на постојните проблеми и брзо интегрирање на истиот во пошироката европска целина. Токму напротив, ваквата изолација само ја зголемува опасноста од креирање на нови конфликти. Манифестното изразување на ваквата потенцијално конфликтна состојба е изразена преку намерите на балканските народи да го искористат создадениот историски вакум за сопствените национални концепти, а на штета на нивните соседи.

Последната тенденција на распламтување на националнизмите, успеа да го изнесе на површина, се чини подзаборавеното прашање на религијата, која за разлика од деветнаесеттиот, кон крајот на XX век е ставена во функција на нацијата-држава (Shea, 1997: 177-180). Но ова не го менува фактот за значењето на религиските институции, кои низ досегашната историја се покажале како потрајни, па можеби и од оние на нацијата-држава. Поради ова е и важноста што ја има минатото за овие простори. Успешната манипулација со историјата, овозможила многу од идентитетите на минатото да станат "*необично туѓи*" за балканските народи (Karakasidou, 1997: 259). Во прилог на ова е и перцепцијата која постои на Западот за *Балканот и Јадранот*, а денес пренесена на *Западниот Балкан*, "*како последна линија на контрола и одбрана од муслиманскиот исток*" (Noris, 2002: 18). Оттука овој регион, со исклучок на муслиманското малцинство во Бугарија, како и малата муслиманска заедница во Северна Грција, ги интегрира во себе сите останати балкански муслимани. Иако ваквото гледиште можеби изгледа премногу ригидно, сепак во пракса може да се очекува неговите

Евро-Атлански аспирации, како остаток на Османлиската империја, во голема мера да зависат од напредокот кој на овој план го остварува Р. Турција. Исто така, со решавањето на прашањето за статусот на Косово, може да се очекува Србија и Црна Гора, од последни, да го преземат приматот на носители на ваквите интеграциски процеси.

Долгата битка за создавањето на нациите-држави, процес во кој Југословенската конечна дезинтеграција може да се разбере како последна фаза, се водеше во текот на целиот XX век. Постмодернистичкиот поглед на балканскиот национализам не е свртен кон малцинствата во соседните земји, туку кон новите емигрантски малцинства од далечниот исток, а заканата кон традиционалната балканска нација-држава се повеќе доаѓа од глобализирачките закани на меѓународната економија (Mazower, 2000: 178,179).

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА КОЕГЗИСТЕНЦИЈАТА: КОНСТРУКТИВНО РЕШАВАЊЕ НА КОНФЛИКТИТЕ И ГРАДЕЊЕ НА ОДРЖЛИВ МИР

Како што веќе споменавме разликите меѓу индивидуите, групите, нациите-држави, па дури и цивилизациите, се фундаментални, односно се втемелени во нивната основа, од што се наметнува и основниот принцип на нужноста од меѓучовечкото коегзистирање. Фрагментацијата на политичките единици е растргната од модерноста на глобализирачките процеси и традиционалистичките концепти на националната сувереност. Во ваквиот свет во кој се рушат традиционалните вредности на семејството како основна база на градење на солидарност, недостатокот од сигурност продуцира насочување кон предрасудите и егоцентризмот (Hamburg, 1998: 27). И додека меѓугрупниот конфликт останува да биде белег како на историјата, така и на денешницата, новите оружја и начини на војување придонесуваат многу лесно од локален да прерасне во регионален, па дури и глобален.

Во сите човекови општества постоеле разликите како меѓу ин и оут групите, така и во самите групи. Ваквите разлики лесно се учат, а тешко се забораваат. Но сепак сигурно постои можноста да научиме да ги минимизираме тие тенденции. Луѓето треба да се фокусира кон заедничките цели на единствениот светски вид, со што предност би им се дала на заедничките глобални, а дури потоа на регионалните и локални проблеми. Цивилизациското ниво на конфликтите, јасно ја искажува интенцијата на денешницата, како и сите други појави и конфликтите да се генерализираат[1]. Се чини нејасна е позицијата на Балканските народи во однос на оваа цивилизациска поделба. Иако се најблизу до Западот, тие културолошки и цивиизациски

имаат значајни специфики, кои заедно со историското наследство, ја овозможуваат можноста овој регион да се смета, ако не целосно, барем делумно сличен на Исламскиот исток.

Моќта и релевантноста на социјалните актуелности (јазик, етницитет, раса, религија, територија, обичаи и традиција) и нивните примордијални сентименти за социјална организација и идентификација, широко варира од едно место до друго, од едно време до друго и од група до група (Emminghaus, Kimmel. and Steward, 1998: 140). Инвенцијата на хероите на нацијата и конструкцијата на минатото, придонесуваат за културно позајмување, кое во балканскиот контекст, многу почесто е извор на конфликт отколку на соработка (Karakasidou, 1997: 85,86). Деструктивното користење на примордијалните чувства доведува до конфронтација, ароганција и насилство меѓу индивидуате и групите. Примарното насилство најдобро се опишува како резлутат на дистрибуцијата на баласот и интеграцијата на "*времено произведените активности*" заштитата на животот, продукцијата на животот и неговата изградба, во рамките на социјално продуцираната култура (Emminghaus, Kimmel and Steward, 1998: 147).

Во проучувањата на интелектуалците за конструкривно решавање на конфликтот, постојат различни гледишта во врска со истиот. Како прво, се истакнува фактот дека поголемиот број на конфликти се со мешани мотиви, во кои инволвираните страни имаат кооперативни и компетитивни интереси. Како второ, конфликтот може да биде конструктивен и деструктивен. Лошата репутација ја добива преку поврзаноста со психопатологијата, социјалниот неред и војната. Но не треба да се заборави дека конфликтот е коренот на личната и социјалната промена - "*тој е медиум преку кој може да се надминат проблемите и да се дојде до решение*" (Deutsch, 1998: 199). Како трето, кооперативните и компетитивните интереси на страните наведуваат на два различни процеси на решавање на конфликтот. Волтон (Walton) и Мекерси (McKersie) ги наведуваат процесите на "*интегративно пазарење*" и "*дистрибутивно пазарење*", што е еквивалентно на кооперативните и компетитивните процеси. И на крајот, како четврто, релативната сила на кооперативните и компетитивните интереси заедно со конфронтирачките страни, како и начинот на варирање на нивниот курс за време на конфликтот, се главните детерминанти на конфликтниот процес. Од нив зависи дали кај конфронтираните страни може да произлезе конструктивно решение на судирот.

Постојат поголем број на фактори кои влијаат на текот и курсот на конфликтот. За да се дојде до негово надминување треба да се имаат во предвид токму овие фактори.

Првиот фактор е ориентацијата на страните кон конфронтирање или судир. Двојната грижа е модел на мотивациска ориентација кој опфаќа грижа за себе и грижа за

другиот. Соработката е поврзана со високата грижа за себе и за другиот; приспособливоста со ниска грижа за себе и висока за другиот; компетитивноста-со висока за себе и ниска за другиот; и конфликтот е означен со избегнување и ниска грижа и за себе и за другиот. Постојат три основни типа на мотивациска ориентација кон конфликтот:

- кооперативна-страните имаат позитивни интереси на делување кон другите ив о однос на себе си;
- индивидуалистичка-страните се грижат за тоа како ќе делуваат самите, но не се заинтересирани за доброто на другите;
- компетитивна-страните имаат интерест да делуваат подобро од другиот и колку што е можно добро за себе си (Ibidem, 200).

За Дојч (Deutsch), кооперативноста подразбира отвореност за комуникација, доверба и пријателски ставови, чуствителност кон заедничките интереси, ориентација кон јакнење на заедничката моќ. Натпреварот подразбира: интенција да се засилат разликите меѓу себе и другиот, слаба комуникација, сомневање, ставови на судир и слично. Конструктивните процеси при решавањето на конфликтите во основа се сличени на кооперативните пристапи, а деструктивните процеси одговараат на компетитивната интеракција (Ibidem, 200,201).

Изгледот на конфронтираните страни е вториот важен аспект кој влијае на курсот на конфликтот. Сегашниот доминантен приод на објаснување на социјалното однесување е оној кој тежнее да ја разбере регуларноста во услови на интеракција, реципрочно влијание и под влијание на ситуационите и диспозициските детерминанти. Сепак постојат неколку гледишта во однос на овој приод;

- првото е дека индивидуите варираат во зависност дали покажуваат постојаност на личноста во социјалното однесување во зависност од ситуациите;
- второто гледиште се однесува на тврдењето дека некои ситуации имаат “*силни карактери*” и во нив и покрај разликите, индивидуалните варијации тешко доаѓаат до израз. И обратно, други ситуации со “*слаби карактери*” дозволуваат поголема улога да играат индивидуалните разлики;
- трето, некои ситуации предизвикуваат индивидуални реакции и дозволуваат модели на однесување кои различно одговараат на индивидуалните разлики. Дотолку други ситуации доведуваат до охрабрување на манифестните разлики;
- Некои ситуации предизвикуваат, а други не, ситуации на само-фокусирање; и

- Се чини постои тенденција на совпаѓање на личните диспозиции со ситуационите стратегии, односно личностите тежнеат кон одреден тип на социјална ситуација (Ibidem, 202).

Често се случува страните да го разгоруваат конфликтот со инвестирање во него. Исто така, оние кои се здобиле со моќ, профит, престиж, работа, знаење, или некои вештини за време на конфликтот, може да се незадоволни од ставањето крај на истиот.

Кога се зборува за текот и курсот на еден конфликт се поставуваат повеќе значајни прашања. Прашањата кои се однесуваат на конфликтот зависат од тоа дали конфликтот се води за ресурси, верувања, вредности, или пак е предизвикан од природата на односите. Некои типиви на прашања се помалку проводливи кон конструктивно решавање на конфликтот од други. Исто така една од карактеристиките на конфликтот е тенденцијата да расте ид а ескалира. Ова наведува на заклучокот дека е полесно да се решаваат помалите, отколку поголемите конфликти (Ibidem, 204).

Етноцентризмот како и градењето на стереотипите во однос на другите се главна причина за недоразбирања и конфликт. За да се надминат стереотипите, меѓугрупните предрасуди и дискриминаторското однесување, се развиени бројни различни приоди, како: меѓугрупни контакти, информација, едукација, работилници за тренирање на чусвителноста или за решавање на проблемите, преговори меѓу лидерите на групите и користење на кооперативни процедури. За спроведувањето на овие приоди значајно влиае нужноста од два услови. Првиот е кооперативниот приод, а вториот е влијанието од трета страна, која најчесто е носител на авторитет.интергрупните контакти имаат позитивен ефект во случаите на еднаквост, проширени контакти и дозволена индивидуализација. Контрастите имаат позитивен ефект, ако членовите на in и out-групите се слични во основните норми и верувања, или при натпреварот се слични во бројноста (Ibidem, 207).

Додека некои конфликти се маргинализираат и заборавaат, други стануваат малигни тумори на општествениот соживод. За тоа каков ќе биде статусот на конфликтите влијаат повеќе фактори како: анархичната општествена ситуација; победи-изгуби и компетитивната ориентација; конфликтите внатре во самите групи, најжесто добиваат свој израз во надворешните конфликти; конгнитивната ригидност; лошата проценка и перцепција; неисполнетите обврски; себе-исполнувачките пророштва; повеќестраните ескалирачки кругови; како и ситуацијата на игра, која отскокнува од реалноста (Ibidem, 207,208). Во секој случај подобро и полесно е конфликтите да се спречат, отколку да се лекуваат последиците од нив.

За постигнување на конструктивно решавање на конвликтот, потребни се низа на вештини. Третите страни во конфликтот уште се нарекуваат и медијатори, помируважи, консултанти, терапевти и сл. Тие треба да понудат асистенција за успешно решавање на конфликтот. За успешно да ја спроведат својата работа потребно е да поседуваат четири сета на вештини:

- првиот сет на вештини се поврзани со воспоставувањето на успешен контакт со двете страин ид а се овозможат услови за воспоставување на комуникација на потполна слобода;
- вторите се поврзани со воспоставувањето на кооперативен став за решавање на конфликтот кај конфронтираните страни;
- трети, се вештините кои вклучуваат развој на креативните групни процеси и групното носење на одлуки, за да се обезбеди добра подлога на нивната имплементација;
- четврто, е потребата третата страна да има супстантивно познавање за прашањата поврзани со конфликтот, за да се дојде до што е можно пореално решение (Ibidem, 209).

За успешно решавање на конфликтот исто така е потребно и претставниците на конфронтираните страин да поседуваат слични вештини како и медијаторот, за да може да се воспостават успешни односи на конструктивно решавање на конфликтот. Освен ова, постојат уште неколку значајни аспекти како на пример:

- потребно е постојаност во однесувањата;
- социјалните и конгнитивните вештини вклучени во конструктивното решавање на конфликтот се концепциски различни, од оние вклучени во ефективните физички активности;
- никој не е потполн лаик кога започнува да стекнува вештини потребни за решавање на конфликтот;
- значајно е да се одржува фитбекот и мотивацијата;
- имплементацијата бара познавање и чувство за социо-културниот контекст;
- трансферот на социјалните вештини од тренинг подготовката во реалниот свет е исклучително комплексен;
- социјалниот контекст треба да допушта употреба на социјалните вештини (Ibidem, 210-212).

Постконфликтната фаза не значи дека на некој чуден начин конфликтот исчезнал. Тој попрво попримил нов облик и се менува. Во оваа фаза треба да се насочи вниманието кон процесот на градење на мир, а паралелно да се идентификуваат проблемите

и дилемите. Исто така, мора на процесот на градењето на мирот да се приде како систем, кој има свој дизајн и архитектура.

Краткорочното и долгорочното градење на мир се состои од три фенимени: симултаност на активностите, гравитирање на ставовите и притисокот за брзо решавање (Lederach, 1998: 237).

Краткорочните решенија, погоре означени со акција, најчесто се водени од кризата. Свој еквивалент има во терминот менаџирање со кризи и се однесува ан конфликтите во Босна, Косово и Македонија, а за кои се наложи потребата од нужно итно решение, кое е резлутат на интервенцијата на медијаторите. Подготовката пак, еволуира во подолгорочен процесс кој трае неколку години во кои се реализираат проекти и решенија за стабилизација. Исходот опфаќа долгорочен план за надминување на постконфликтниот период и создавање на услови за градење на одржлив мир. Дотолку намерата или планот е категотија која се наоѓа меѓу долгорочните и краткорочните. Три клучни работи се важни за оваа парадигма: први, се сугерира дека различните активности поврзани со градењето на мирот бараат различни едоници на време, во рамките на кои се однесуваме и делуваме; како второ,  временските единици се поврзани едни со друг ии мора да се гледа на нив како на такви, а не изолирани; трето, круцијално е да се развие капацитет за оперативно размислување во однос на декадите, со намера да се поврзат краткорочната акција и краткорочното подготвување со поскуваните долгорочни промени (Ibidem, 237,238). Притоа се поставува едно, се чини круцијално прашање: "*Како да се промениме за подоброто на нашите деца, а да не ги заборавиме жртвите на нашите родители?*"

Постојат три нивоа на активности на градење на мир: врвно, средно и коренито. Според органската перспектива на градењето на мирот и политиката во постконфликтната фаза, мора да се гледа како отворен, пристапен csстем кој се темели врз основа на учеството. Притоа не треба да се продолжи со систематскиот пристап на простување и заборавање, туку предизвикот е во способноста за паметење и чекорење кон промена (Ibidem, 242). Посконфликтната фаза значи опфаќа промена како во економскиот и политичкиот систем, така и на целокупната социјална реалност.

Кога се зборува за поврзаноста на временската врска со целите на активноста, постојат четири основни прашања кои се поставуваат: *"Што се обидуваме да постигнеме? Која е природата на нашата врска? Која е единицата време за која можеме да размислуваме и планираме? Колку знаеме за контекстот?"* (Ibidem, 242).

Последната напомена која сакаме да ја потенцираме во овој труд, е тенденцијата на фокусирање на постконфликтниот csстем на градење на мир, кон техничките задачи напоширокиот процесс на трансформација. Овој процесс вклучува дефинирање

на агендата, за полесна трансформација-транзициони сугестии, потоа следува трансформативниот процес кој допира до најдлабоките прашања и потрагата за меѓусебно помирување.

За Балканот, како регион за кој конфликтот стана негов синоним и знак на препознавање низ светот, е потребно сериозно работење на планот на креирањето на долгорочен, одржлив мир. Образованието на младите генерации во самите балкански земји, заедно со големите светски политички, економски и воени системи, како Европската унија, НАТО и ООН, заедно со САД и Руската Федерација, ќе бидат главните носители на овој процес во иднина. Во секој случај многу е полесно да се спречи некој конфликт, отколку да се лекуваат раните од истиот.

## SUMMARY

The nationalisms on the Balkan origines from it's colored cultural and historical context. When we are talking about conflict between people who are living in this region, we should start from the present differences, whitch are stimulated and putted in favore and function on the Balkan nation-states. The fundament of those differences implies for the basic principals on necessity for intercultural coexistence. The constructive solution of the conflicts on the Balkan and creating preconditions for building permanent peace are bonded with the proces of permanent institutional integration of the countries on Western Balkans into the European Union and NATO.

## ЛИТЕРАТУРА

Вебер, Макс. (1976). *Привреда и друштво*, том први. Београд: Наша књига.

Deutsch, Morton. (1998). Constructive Conflict Resolution: Principles, Training, and Research. In Weiner, E. (ed.), *Interethnic Coexistence*. New York: An Abraham Fund Publication.

Dzenkins, Richard. (2001). *Etnicitet u novom kljucu*, Beograd: Biblioteka XX vek.

Emminghaus, Wolf, B., Kimmel, Paul, R. and Steward, Edward, C. (1998). Primal Violence: Iluminating Culture's Darc Side. In Weiner E. (ed.), *Interethnic Coexistence*. New York: An Abraham Fund Publication.

Hamburg, David, A. (1998). Preventing contemporary violence. In Weiner E. (ed.), *Interethnic Coexistence*. New York: An Abraham Fund Publication.

Јелавич, Барбара. (1999). *Историја на Балканот*. Скопје: НИК Лист.
Karakasidou, Anastasia. (1997). *Fealds of Weat, Hills of Blood*. Chicago: Universety of Chicago Press.
Кирјазовски, Ристо. (1985). Народно-ослободителниот фронт и другите организации на Македонците во Егејска Македонија (1945-1949). Скопје: Култура.
Lederach, John, Paul. (1998). Beyond Veolence: Building Sustainable Peace. In Weiner E. (ed.), *Interethnic Coexistence*. New York: An Abraham Fund Publication.
Mazower, Msrk. (2000). *The Balkans, A Short History*. UK: Weitfwld & Nikolson.
Мазовер, Марк. (2007). *Откако војната заврши, Обновата на семејството, државата и нацијата во Грција, 1943-1960*. Скопје: Евро Балкан пресс.
Noris, Dejvid, E. (2002). *Balkanski mit, Pitanja identiteta i modernosti*. Beograd: Geopoetika.
Poulton, Hough. (1994). *The Balkans, Minotities and States in Conflict*. London: Minotity rights publications.
Putinja, Filip and Stref-Fenar, Zoselin. (1997). *Teorije o etnicitetu*. Beograd: Biblioteka XX vek.
Sadri, Ahmad. (1998). Civilizational Imagination and Ethnic Coexistence. In Weiner E. (ed.), *Interethnic Coexistence*. New York: An Abraham Fund Publication.
Scarry, Elane. (1998). The Difficulty of Imagining Other Persons. In Weiner E. (ed.), *Interethnic Coexistence*. New York: An Abraham Fund Publication.
Shea, John. (1997). *Macedonia and Grece, The Struggle of Define a New Balkan Nation,* North Carolina and London, McFarand and company, inc.Publishers Jefferson
Todorova, Maria. (1997). *Imagining the Balkans*. inc. New York: N.Y. U.S.A. Oxford Universety press.
Weiner Eugene. (1998). Coexistence Work: A New Profession.In Weiner E. (ed.), *Interethnic Coexistence*. New York: An Abraham Fund Publication.